Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 127/0306
10.07 20 26 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на јавна седница одржана на 02.07.2026 година, врз основа на примена жалба од **Борјан Јовановски,** го донесе следново:

**МИСЛЕЊЕ**

**ЖАЛБАТА Е ОСНОВАНА**

Во краткото видео на Портал ИКС (PortalX.com) со наслов **„Лица поврзани со владејачките ВМРО-ДПМНЕ и ВЛЕН, познати пејачи, приватни здравствени установи, маркетинг агенции, новинари. Каде сè Државна лотарија троши државни пари за донации и спонзорства?“,** емитувано на 16.06.2026 г. на Фејсбук адресата на медиумот, има отстапување од професионалните и етичките стандарди при известувањето.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

Жалителот Борјан Јовановски до СЕММ на 17.06.2026 г., упати жалба за краткото видео на Портал ИКС (PortalX.com) со наслов „Лица поврзани со владејачките ВМРО-ДПМНЕ и ВЛЕН, познати пејачи, приватни здравствени установи, маркетинг агенции, новинари. Каде сè Државна лотарија троши државни пари за донации и спонзорства?“, емитувано на 16.06.2026 г. на Фејсбук адресата на медиумот - при што се жали за „мешање на факти и мислење, вест и коментар“.

Во жалбата, меѓу другото, пишува: ...„Во самиот наслов се наведува 'Лица поврзани со владејачките ВМРО-ДПМНЕ и ВЛЕН'…Понатаму се споменува моето име Борјан Јовановски како 'сопственик на Преспа ГРАД'. Двата наводи ги упатуваат гледачите на погрешен заклучок за тоа дека јас како новинар сум 'близок на владеачките парти', без притоа да биде објаснето или илустрирано на кој начин јас како новинар сум истапил во јавноста со ставови кои би можеле да бидат протолкувани како 'провладини' . Ова тврдење порталот на својата ФБ страница го базира врз фактот што невладината организација Преспа ГРАД, чиј претседател сум јас, добила спонзорство од Државната Лотарија за организација на фестивалот 'Запознај ја Преспа' како и за промоција на руралниот туризам во Преспа. Исто така во прилогот се наведува дека јас сум 'сопственик' на оваа невладина организација што само по себе е нон сенс, бидејќи не постои можност да бидете сопственик на невладина организација, но ваквата лексика го наведува читателот дека јас сум некаков бизнисмен кој ете добил пари од Лотарија“...

Во жалбата на СЕММ му е доставена целата содржина во пдф формат (компјутерски скриншот и линкот од објавата), како и пошироко образложение на жалителот.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со востановената процедура (член 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби), по приемот на жалбата стапи во контакт со медиумот и побара да се изјасни по однос на наводите во жалбата.

Притоа, го потсети медиумот и на можноста случајот да се реши по пат на медијација, пред да биде разгледуван од членовите на Комисијата за жалби. На медиумот детално му беа појаснети наводите на жалителот и основите по кои смета дека е постапено непрофесионално при известувањето.

До СЕММ беше доставен одговор од медиумот во кој се отфрлаат наводите од жалбата и меѓу другото се наведува:
...„Насловот на сторијата кој е спорен за новинарот Јовановски јасно и одделно ги дистанцира сите добитници на донации и спонзорства од Државната лотарија. Како што е наведено и во самиот наслов - 'лица поврзани со владејачките ВМРО-ДПМНЕ и ВЛЕН, познати пејачи, здравствени установи, маркетинг агенции и новинари'. Тоа само по себе не

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

имплицира дека буквално сите добитници на донации и спонзорства се поврзуваат политички, туку како што продолжува текстот понатаму - пишуваме и прашуваме, каде се Државна лотарија троши пари за донации и спонзорства.

Во самото видео, наведуваме и други правни лица за кои во ниту еден момент не правиме какво било политичко поврзување, туку како новинари бараме одговори…

Имено, кога станува збор за невладината организација Преспа град, Портал ИКС во неколку наврати го контактираше колегата Борјан Јовановски како засегната страна во сторијата со цел да добие одговор за спонзорството од Државната лотарија. Имајќи предвид дека од документите со кои располагавме како медиум за некои имавме податоци за каков тип на спонзорства и донации станува збор, но тоа не беше случај и со Преспа град. ПорталХ со максимално професионален пристап побара став од Борјан Јовановски како втора страна во приказната, што беше случај и со другите спомнати правни лица во сторијата, иако неговите барања во неколку наврати беа во насока да не биде спомнат во истражувањето.

Во ниту еден момент, сторијата не содржи елемент, а со тоа и воопшто не имплицира дека со спонзорството невладината организација Преспа град се поврзува со она што Јовановски го наведува во жалбата дека 'се упатуваат гледачите на погрешен заклучок дека како новинар е близок на владејачките партии', ниту пак во сторијата се спорат неговите политички ставови за кои вели дека 'би можеле да бидат протолкувани како провладини'“...

Во одговорот потпишан од Фуркан Салиу во име на медиумот Портал Икс, се заклучува дека целта на сторијата е да се прикаже начинот на кој нетранспарентно се трошат јавните пари и на крајот уште еднаш се подвлекува дека аргументите на Јовановски како жалител се без основа.

## МИСЛЕЊЕ НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека во краткото видео на Портал ИКС (PortalX.com) со наслов „Лица поврзани со владејачките ВМРО-ДПМНЕ и ВЛЕН, познати пејачи, приватни здравствени установи, маркетинг агенции, новинари. Каде сè Државна лотарија троши државни пари за донации и спонзорства?“, емитувано на 16.06.2026 г. на Фејсбук адресата на медиумот има отстапување од професионалните и етичките стандарди при известувањето, при што е прекршен член 1 од Кодексот на новинарите на Македонија, а поврзано и со точката 1.3 од Насоките за етичко известување на медиумите во Македонија изработени од СЕММ.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА МИСЛЕЊЕТО

Комисијата ги разгледа фактите поврзани со случајот и утврди дека станува збор за краток видео прилог, т.н. рилс, за спонзорствата од Државна лотарија, акционерско друштво во сопственост на државата, поточно за начинот на трошењето на јавните пари – тема од јавен интерес.

Комисијата го оценуваше видео прилогот на медиумот првенствено од етички аспект во однос на членовите на Кодексот на новинарите на Македонија, како и на соодветните одредби за овие членови од Насоките за етичко известување на онлајн медиумите од СЕММ, при што утврди дека постои прекршување.

Комисијата се согласува со тврдењето на медиумот во неговиот одговор дека целта на прилогот била да ја расветли нетранспарентноста при трошењето јавни средства. За членовите на Комисијата е неспорно дека станува збор за тема од исклучителен јавен интерес и дека при подготовката на прилогот е вложен значителен истражувачки труд. Комисијата цени дека медиумот не се задржал на пренесување поединечни тврдења, туку прибирал документација, анализирал податоци и побарал став од жалителот, кој се споменува во прилогот, со што е испочитувано едно од основните професионални правила во новинарството. Таквиот пристап претставува суштинска вредност на истражувачкото новинарство и значаен придонес во исполнувањето на улогата на медиумите како чувари на јавниот интерес.

Комисијата смета дека ваквите истражувачки стории се од особена важност за демократското општество и дека треба да бидат охрабрени, бидејќи придонесуваат за поголема отчетност и транспарентност во трошењето јавни средства. Целта на оваа одлука не е да го доведе во прашање значењето на истражувањето или вложениот новинарски труд, туку да укаже дека и релативно ограничен пропуст во презентацијата на наодите може да влијае врз кредибилитетот на истражувањето и да го одвлече вниманието од неговите суштински заклучоци.

Во таа смисла, Комисијата оценува дека жалителот има право кога вели дека крајниот резултат е негативен впечаток за него во јавноста. Тоа е така бидејќи, иако во прилогот никаде експлицитно не се тврди дека Борјан Јовановски е политички поврзан со власта, начинот на кој се подредени насловот, визуелните елементи и содржината, создава таков впечаток и води кон заклучокот дека токму поради тоа здружението добило средства од Државна лотарија. Ова дополнително е засилено и со употребениот термин „еден од сопствениците на невладината организација“ што е невистина, бидејќи здруженијата на граѓани немаат сопственици.

Еден од елементите во прилогот со кои се прави врамување во негативен контекст е и фотографијата на жалителот која се појавува токму во моментот кога во прилогот се спомнуваат „новинари“, со што кај гледачите се создава впечаток дека и тој припаѓа на групата лица поврзани со спорно трошење на јавните средства и на лица поврзани со власта.

Таквото подредување на споменатите елементи во прилогот е извршено на начин на кој се создава впечаток дека средствата што ги добило здружението може и да се злоупотребени од жалителот - е надвор од етичките правила во новинарството.

Поради наведените аргументи Комисијата на крајот утврди повреда на член 1 од Кодексот на новинарите, поради неточното претставување на жалителот како „сопственик“ на невладина организација, и на точка 1.3 од Насоките за етичко известување на онлајн медиумите, поради манипулативното обликување на прилогот кое создава погрешен впечаток кај публиката:

Член 1

> Новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. Доколку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата едногласно одлучи како што е погоре наведено. Во работата на Комисијата учествуваа членовите: Тамара Чаусидис, Снежана Трпевска, Мирче Адамчевски, Жана Божиновска, Сефер Тахири и Димитар Мицев.

Со почит,

Совет за етика во медиумите
на Македонија

Претседателка на Комисијата за жалби
Тамара Чаусидис

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595